# И З В Е Ш Т А Ј
# за реализирани активности по Програмата за спорт
# за 2024 година

## I. ВОВЕД

Во 2024 година активностите реализирани од областа на спортот се во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, одредби од Законот за еднакви можности на мажите и жените, Програмата за активности во областа на спортот во Општина Крива Паланка за 2024 година која дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и  да добијат финансиска подршка од Буџетот на општината, при што изборот на програмските активности го вршеа комисии формирани со акт на Градоначалникот на Општина Крива Паланка врз основа на критериуми и правилници, а висината на доделените средства беа одредени со Одлука донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Со програмата за 2024 година се зајакнети и  улогите на училишните спортови и развој на здравите навики кај учениците преку поддршка на сојузот на училишни спортови.

Дополнително, преку програма во 2024 година се обезбедени стипендии за ученици и ученички - талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот преку јавен повик за доделување на буџетски средства за стипендирање на талентирани ученици – спортисти.

Општината во рамки на предвидената програмата има дадено еднаков пристап на сите, со правилна распределба на средства на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително беше дадена можност за вклучување и на лицата со попреченост, да бидат дел од активностите кои општината ги организира, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани.

Во 2024 година согласно програмските активности беше зголемено учеството на општината во процесот на организирање и збогатувањето на спортско-рекреативниотживотна локалните граѓани и граѓанки, се стимулираше развој и унапредување на училишните спортови, преку давање на поддршка и зголемување на улогата на училишните спортови;

## II. АКТИВНОСТИ

**Општина Крива Паланка има спроведено активностите од областа на спортот и физичката култура кои ги организираше, реализираше и обезбеди директна поддршка со средства од сопствен буџет  за 2024 година и тоа за :**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стипендии за талентирани ученици спортист од основно и средно образование** | Општина Крива Паланка | Септември/октомври | Предвидени 585.000,00 денари Потрошени 306 000,00 денари девет корисници на стипендија исполнуваа услови за продолжување на стипендија девет месеци по 3000 денари и уште седум нови стипендисти со склучени договори за девет месеци по 3000 денари (односно само три месеци во 2024 година октомври, ноември, декември) | Буџет на Општина Крива Паланка 464990<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на дечиња-учесници на настанот |
| **Организирање турнир во мал фудбал** | КМФ Осогово 2022 и ФК Академија Осогово 2022 | Мај | Предвидени 200.000,00 денари Потрошени 200.000,00 денари | Буџет на Општина Крива Паланка 464990<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на дечиња-учесници на настанот |
| **Организирање на настан**<br><br>**ФУДБАЛ ЗА СИТЕ** | Општински училишен спорт | Август | Предвидени 120.000,00 денари Потрошени 120.000,00 денари | Буџет на Општина Крива Паланка 464990<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на дечиња-учесници на настанот |
| **Организирање на турнир во мал фудбал во чест на загинати бранители во 2001 година** | Здружение Херои на Македонија | Мај/јуни | Предвидени 60 000,00 денари Потрошени 60.000,00 денари | Буџет на Општина Крива Паланка 432410/42520 LO<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на учесници на настанот |
| **Организирање на настан ОФ РОУД Џип Рели** | Здружение МОТО КЛУБ ОФ РОУД ЕКСТРИМ | Во тек на година | Предвидени 200.000,00 денари Потрошени 200.000,00 денари | Буџет на Општина Крива Паланка 432410/42520 LO<br><br>Други спонзори/донатори | Пол по % од вкупниот број на учесници на настанот |

**Општината има спроведено и дадено поддршка на програмските активности на локални спортски клубови и здруженија по поднесени програми на Јавен конкурс за распределба на буџетски средства за финансирање на програмски активности на спортски клубови и здруженија за 2024 година**

Извештаите со реализација на активностите од исплатени средства по основ на склучените договори со спортски здруженија и клубови од страна на Комисијата за еваулација на извештаи за наменско трошење на доделените средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година се дадени во долунаведениот преглед.

| Оценка на извештаи за реализација на активности од областа на спортот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр | НАЗИВ НА СУБЈЕКТ / КОРИСНИК | ДОГОВОР БР. | ВКУПНО ДОДЕЛЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ( денари) | НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ( ДА – НЕ ) | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ Вкупно потрошени средства | Забелешка |
| 1. | Здружение спортско рекреативен риболовен клуб “МРЕНА” Крива Паланка | 08-2265/1 02.05.24 | 40.000 | ДА | 40.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 2. | Здружение на граѓани “Кошаркарски клуб - КРИВА ПАЛАНКА” | 058-1988/1 09.04.24 | 300.000 | ДА | 300.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 3. | “Фудбалски клуб - АКАДЕМИЈА ОСОГОВО” | 08-1746/1 27.03.24 | 150.000 | ДА | 150.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 4. | Здружение на граѓани “Пингпонгарски клуб 2007 -КРИВА ПАЛАНКА” | 08-3750/1 25.07.24 | 20.000 | ДА | 20.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 5. | Кик Бокс Клуб “Патриот“ – Кр.Паланка | 08-2521/1 22.05.24 | 100.000 | ДА | 100.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 6. | Здружение “Пингпонгарски клуб - КРИВА ПАЛАНКА” | 08-1867/1 02.04.24 | 100.000 | ДА | 100.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 7. | “Здружение МОТО КЛУБ ОФ РОУД ЕКСТРИМ” | 08-4053/1 13.08.24 | 200.000 | НЕ | / | ***Не доставиле извештај*** |
| 8. | “Клуб во мал фудбал ОСОГОВО 2022” | 08-1419/1 11.03.24 | 500.000 | ДА | 500.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 9. | Шаховски клуб Ан-Пасан | 08-2664/1 29.05.24 | 40.000 | ДА | 40.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 10 | Здужение Карате клуб - Шампион | 08-2060/1 16.04.24 | 100.000 | ДА | 100.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 11 | Здружение Општински сојуз на училишни спортови – Мајски крос, општински турнири | 08-2119/1 19.04.24 | 110.000 | ДА | 110.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 12 | Здружение Општински сојуз на училишни спортови – Фудбал за сите | 08-4104/1 15.08.24 | 120.000 | ДА | 120.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 13 | Здружение Херои на Македонија | 08-2019-1 12.04.24 | 60.000 | ДА | 60.000 | *Извештајот е прифатен* |

Комисијата за евалуација во својата работа се водеше од позитивните законски прописи и важечки правилници за управување со јавните финансии и за финансиско работење. За потребите на финансиското известување беа разгледувани релевантни финансиски документи кои ја докажуваат реализацијата, како што се фактури, испратници, сметки, платни налози, банкарски изводи, патни налози, договори и друга документација, додека за наративниот дел списоци, фотографии и

друг продуциран материјал.

Врз основа на спроведената евалуација на доставените извештаи за наменското трошење на доделените средства од граѓански здруженија и спортски клубови за реализација на активности од областа на спортот за 2024 година, комисијата го донесе следниот заклучок:

- Сите (освен еден) субјекти на кои им се доделени финансиски средства, доставиле наративен и финансиски извештај согласно роковите како што е наведено во табелите подолу и истите ги содржат потребните документи, а по извршената евалуација за наменското трошење комисијата заклучи дека сите субјекти врз основа на приложените извештаи и соодветна документација во прилог, ги користеле средствата согласно намените за кои ги побарале и согласно склучените договори, со забелешка дека истите во иднина треба да водат повеќе сметка за точната финансиска документација која ја приложувааат и за почитување на законските обврски и ограничувања во поглед на финансиското работење кои ги имаат како правни лица (здруженија и фондации), и од аспект на законско и транспарентно трошење на јавните финансии, особено во делот на готовинско плаќање, исплаќање на договорни услуги и транспортните трошоци.

- Кај најголем дел од субјектите не се почитувале доследно законските обврски по однос на работење со готовина согласно Законот за ПУПС и Законот за СППФТ и Законот ЈВФК.

- Здружение „МОТО КЛУБ ОФ РОУД ЕКСТРИМ” да ги врати добиените средства во вкупен износ од 200.000 денари, бидејќи нема доставено извештај во предвидениот рок согласно договорот и по дополнителниот рок за што здружението има примено писмено известување.

- Здружение „Пингпонгарски клуб - КРИВА ПАЛАНКА”, да врати 30.314 денари за храна и пијалоци и 1758 денари кои не се реализирани или вкупно 32.072 денари, бидејќи комисијата не може врз основа на приложените докази објективно да констатира дека средствата се потрошени за намената за која се побарани.

**Сектор за правни работи, јавни дејности**
**и поддршка на градоначалникот**
**Раководител**
**Даниела Велковска**